РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3682/6

09-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 74-та седница одржано на ден 06.09.2022 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3682/1 од 04.10.2021 година, со наводи за постапување спротивно на позитивните законски прописи во однос на новите материјали за учење за прво и четврто одделение, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што предметните наводи во случајот не се потврдени.

Предметот со број 12-3682/1 од 04.10.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.10.2021 година, поднесена е пријава со наводи за постапување спротивно на позитивните законски прописи во однос на новите материјали за учење за прво и четврто одделение и оформен е предмет број 12-3682/1 од 04.10.2021 година.

Во пријавата подносителот изразува сомневање дека во врска со материјалите за учење за прво и четврто одделение, Министерството за образование и наука ги заобликува процедурите утврдени во позитивните законски прописи со цел остварување на лични интереси. Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието се повикувале на Концепцијата за основно образование, а во правниот промет на Република Северна Македонија важел Законот за учебници за основното и средното образование и тој претставувал lex specialis во однос на Концепцијата за основно образование, која била донесена врз основа на решение на тогашната министерка за образование.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба со пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Од доставените информации и од увидот во прибавената документација од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието утврдена е следната фактичка состојба:

- Во своите одговори институциите укажуваат дека системски закон со кој се уредува воспитно - образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем е Законот за основно образование. Во членот 30